**19. „Рој и рај“**
Беломорска Македониа, Киклопска пештера, 6.000 – 5.500 г.мак.е.пред.п.христ.
(денес окупирана од безимено племе и држава со измислено име од 1830 г.)

Во следниот дел, обработен е предмет со изминат временски период 6.000 - 5.500 г.мак.е.пред.п.христ, пронајден на територија Македонија, денес наречена Грција, Yioura (Gerontia) во познатата Киклопска пештера. Истражувањата од оваа пештера започнати се во 1992 год. Во информациите најдени за ова парче се споменува и наметнува прашањето дали на него се изгравирани грчките букви AYD или се тоа случајни декоративни линии, и дали споредбено со откритието од Костурско (стр.109) се доведува во прашање она што досега е познато за феникиската азбука“.[219]



Сл. 102 [220]




Сл. 103

Тука читаме од десно кон лево „XII МАЈУ УН‘С ЈОМ“ <, што значи: „МОЈ СИНУ, УЈАМ за XII месеци“.

Надоврзувајќи се на веќе обработените артефакти од овој период низ големата Зета Македониа, распространета на пет континенти, пронајдокот од Киклопската пештера, како и штичката од Костурско (даден е осврт на стр. 109), ни претставува надополнување на веќе изнесените сведоштва за пишаните документи од македонската историја и култура од пред 8.000 г.м.е. Ова е највпечатливото откритие од јужниот дел на Македониа, на кое се изгравирани слова од македонските словарници ЦУТНИ.

[219] http://members.virtualtourist.com/m/22b26/6580d/, пристапено на 18.05.2015.
[220] http://en.wikipedia.org/wiki/Youra_Potsherds, пристапено на 18.05.2015.

**20. „Логиката на АНК“**

ПЕЛА Могида Ениџе – Македониа, 6.000 г.мак.е.пред.п.христ.(денес окупирана од безимено племе и држава со измислено име 1830 г.)



Извонредното откритие при ископувањата во Пела, во летото 2011 год., за археолозите се смета дека е значајно, поради тоа што е датирано со изминат временски период од пред 6.000 г.мак.е.п.п.х. и поради тоа што на него се „изгра-вирани грчки букви“[221].

Сл.104[222] Камен со натпис со изминат временски период од 6.000 г.мак.е.пред.п.христ. со димензии 30x20.




Сл. 105 Дешифрираниот текст, се чита од десно кон лево.

На каменот од десно кон лево е напишано:

„Е ОТ Г‘Л К‘П, Г‘Л ГНА, ЛИ Г‘Л“ <.

Транскрибирано на современ македонски јазик значи: „ЛУГ(ЛЕДИНКА) НА ИЛ! АНГ НА ЛУГ. ТОА Е ЛОГИКАТА!“

Именката „Л‘Г“ се среќава на натпис кој датира од поодамна во Македониа и се наоѓа во близина на Скопје на локалитетот „Црна лома“ или „Илина гора“ со изминат временски период од пред 9.000 г.[223] македонска ера. Именката „АНГ“ претставува симбол на вечниот живот и пролетта. Се среќава во Зета Македониа АР на МА (Египет) под името „АНК“.[224]

---

[221] „6.000 year old prehistoric inscription with Greek letters“ од 12 декември 2011 г. http://greeceandworld.blogspot.com/2011/12/6000-year-old-prehistoric-inscription.html

[222] http://greeceandworld.blogspot.com/2011/12/6000-year-old-prehistoric-inscription.html, пристапено на

[223] Дешифриран натпис: „Логос“Осинчани, близу до Скопје, Македониа, 7.000 – 6.000 г.мак.е.пред.п.христ. Стр. 97.

[224] Види објаснување во делот “Стилот и уметничкиот израз во Зета Македониа АР на МА – денешната територија на Египет”, стр. 379



Сл. 106



Сл. 107

**21. „Шуплив 7 - мо колиште“**
Дупјак – Костурско Македониа, 5.260 г.мак.е.пред.п.христ. (денес окупирана од безимено племе и држава со измислено име 1830 г.)

Во Езерска населба, каде што покрај разновидниот археолошки материјал, има и еден натпис со изминат временски период утврден 5.260 г.мак.е.пред.п.христ. Автентичниот МАКЕДОНСКИ НАТПИС[225] од дрвената штичка ја има следната запишана форма, и истиот оддесно кон лево дешифриран и транскрибиран, гласи:




Сл. 108 Варијанти на реконструкција на наколната неолитска населба **Ш‘пел** на Костурското Езеро кај селото Дупјак близу до градот Рупишта.[226]



„Шуплив, седмо колиште“, односно:
„Дупјак 7 колиште“

[225] Цртеж и обработка Васил Иљов. http://www.makedonijaese.com/storia1.htm

[226] http://www.makedonijaese.com/storia1.htm

## 22. „Обелиск во Милисин“

Планина Кожуф, близу Гевгелија, Македониа, 5.000 г.мак.е.пред.п.христ.




Сл. 109 Обелискот во Милисин и неговата анализа

Обелискот на планината Кожуф, близу Гевгелија е со проценета старост 5.000 г.м.е.п.п.х, а во педесеттите години на 20-ти век, диви копачи, барајќи злато - го урнале и го преполовиле на два дела. Обелискот бил висок 5,5 метри, а двата преполовени дела се само сведок за може-би единствениот обелиск - споменик на културата на човек од бронзениот период на овие простори, кој верувал во култот на Сонцето и Космосот. Истражувачот Васил Иљов,[227] направил реконструкција на обелискот и го дешифрирал натписот издлабен на каменот. Според дешифрираното стои: „Со мојот владетел Сонцето“, потоа „И Ракле Зпаски - тоа веројатно значи име на некој владетел“. Локалитетот Милисин, кој во науката не е многу афирмиран, е мошне атрактивен локалитет. Името го добил по реката Милисин што тече во близина, а целото подрачје, всушност, претставува шумарско - ловечка зона.

Според Васил Иљов на обелискот пишува: „СО МОЈОТ ВЛАДЕТЕЛ СОНЦЕТО И ЗЕТ РАКЛЕ ЗПАСКИ“.

Во овој текст може да се насети добро познатиот култ кон Сонцето и Космосот. Имено пораката која ја пренесува, според моето мислење има две значења:

1. Македонскиот народ, создавач на писмото и верата, со најстаро име на народ и држава со нејзините владетели, својот Бог го претставувал како владетел – ЗЕТ, а владетелите на земјата се претставувале како Господари - Владетели, како во случајот именувањето на Сонцето со владетелска титула Зет во времето на Зет Ракле Спазки.
2. Именките Ракле и Спазки имаат и друго значење, а тоа е: РАК - ле што значи РАКЕЛ или ДИКЕЛ алатка ЗА РАКА. Тоа е алатка за обработка на земја, слично на мотика. „Само милиот владетел Сонцето“ може да дари плод, но само во посредство со Господарите – Владетели Македонци или Господ - Владетел со обработка на земјата. Именката Спазки би означувала СПАС - АЗ‘КИ, т.е.: „Спасот е само во АЗ‘КИ“ или АЗ‘КА (азека - дијалектен збор што значи во МЕНЕ)“. Со тоа се укажува дека опстанокот на луѓето зависи од „АЗ‘КА“, т.е. од самите нив. Спасот е само во „обработка на земјата со раце“, РАКЕЛ, дикел или мотика, но Господарите – Владетели Македонци заедно со „Милиот владетел Сонцето“.
3. Натписот може да се толкува и на следниот начин: Зет Ра кле спас (од змиите демони). Т.е. Божеството Ра (Сонцето) го молам (заклевам) за спас од змијата (АЗ или АЖ). Змијата или Козмое - Аждерот е, всушност, соѕвездието Змеј на северниот пол. Од денот XXI-ви декември, Македонците божеството Сонце го молат за спас од змејот. Земјината оска да се наклони кон соѕвездието Крст или лебед, со тоа ноќта ќе се намалува, а денот ќе се зголемува, а пролетта ќе се наближува.

---

[227] Еден обелиск имавме и тој го урнавме, СПОМЕНИК ОД ПРАИСТОРИЈАТА СО ДЕЦЕНИИ ЛЕЖИ УНИШТЕН НА КОЖУФ ПЛАНИНА, Васил Иљов „Вечер“ петок, 1 декември 2006, бр. 13363.

**23. „Надгробен споменик на З‘т Прса Нено Силни“**
Младо Нагоричане, Македониа, 5.000 – 4.500 г.мак.е.пред.п.христ.



Сл. 110 Натпис на камен.

**З’Т П’РСА НЕНО СИЛНИ**[228]
(5.000 – 4.500 г.мак.е.пред.п.христ.)

**24. „Народот Македонски“**
Градешница – Македониа (денес наречена Бугарија), глинен печат од 5.000 – 3.500 г.мак.е.пред.п.христ.




Сл.111 Глинен печат.[229]

[228] Обработка Васил Иљов http://www.makedonijaese.com/storia2.htm
[229] Дешифриран натпис на Васил Иљов. http://www.makedonijaese.com/storia2.htm, обработка на фотографија Бранко Сотировски.

**25. „Божја МА и Македонија“**

Караново, Македониа (денес наречена Бугарија), 5.000 – 2.000 г.мак.е.пред.п.христ.



На оваа фигура сè си има свое значење. На неа се претставени вкупно 6 плодни месеци, денот кога започнува пролетта, што е, всушност, рамноденицата и името Македонија, низ автентичните Македонски симболи и слова. Главата е во форма на буквите ИЛ, симболизирајќи го Божјиот дух Македон, а крупното тело ги симболизира плодовите кои треба да се родат по оплодувањето. Божјата Ма е во седната положба, во исчекување на првиот сончев зрак - дух Божји, да ја осветли или озори, односно да ја оплоди. Седната е на местото на исчекување во набљудувачницата Кокино (како на фотографијата бр. 56 на стр. 83). На фигурата пишува:

„Со првиот сончев зрак, да се оплоди божјата МА на ден 21-ви март“, со зборовите: „СО МЕНЕ. ЈАС И МАКЕДОНИЈА ВО ШЕСТ МЕСЕЦИ ВО РОД“.

Сл. 112 Теракотната фигура на Божја Македонка, која е во седечка положба од Караново, Македониа (денес наречена Бугарија), 5.000 – 2.000 г.мак.е.пред.п.христ. со големина од 18,4 см, а фотографијата е од музеј во Виена, Австрија.[230]




Сл. 113 Симболи и дешифриран текст.

[230] https://sites.google.com/site/seimenineoliticsipreneolitic/, пристапено на 05.05.2015.

## 26. „Решетка на времето од 12 месеци“

фигурини од Зета Мадонија (денес Романија) од 4.800 – 3.000 г.мак.е.пред.п.христ.




Сл. 114 [231] Фигурини на Големата Мајка.




Сл. 115 Симболи или писмо.

- Решетка на времето за една година или четири годишни периоди со порака до Сонцето и сончевите зраци да лијат, оплодуваат.

## 27. „Епитаф на ученичката Р’СЛИЕ“

Долно Дупени, Ресенско, Македониа, 5.000 - 4.500 г.мак.е.пред.п.христ.



Сл. 116 Епитаф.

Епитаф на ученичката Р’СЛИЕ (5.000 - 4.500 г.мак.е.пред.п.христ.),[232] кој е пронајден кај селото Долно Дупени, Ресенско и кој дешифриран оддесно налево и преведен на современ македонски јазик гласи:

„ТУКА Е И КРИЈ ЈА НЕА.
УМРЕ ТУКА Р’СЛИЕ,
ЗЕМАЈЌИ ГО СИОТ УМ УЧИТЕЛОТ.“

231 http://www.egoproject.nl/star/UNbr%2032.htm пристапено на 17.10.2012.
232 Обработка и транскрипција на Васил Иљов http://www.makedonijaese.com/storia2.htm

**28. „Поглед кон Сонцето“**
Turdas, Зета Мадонија (денес Романија), 5.800 – 4.800 г.мак.е.пред.п.христ.




Сл. 117 [233]

„БОГОТ ИЛ СО СВЕТЛОСНИТЕ ЗРАЦИ ГЛЕДА. ЈАС МОЛАМ ЗА ПОРОД“. (Се мисли на оплодувањето на Божјата МА.)

**29. „Пештера кај Ситово“**
Во близина на Пловдив, Македониа (денес наречена Бугарија), 4.500 г.мак.е.пред.п.христ.




Сл.118 Анализа.

- И ТЕСТОТ НИ НАЛЕТА И ВО ОВОЈ ЛЕТ УЖАСИ НЕГО ГО ТИШТЕЛЕ И ЕТЕ ПСАЛМИ КУЌАТА: И ВО РЕШ СИ ГОСТИН НА УТКАТА ОДИ, СОНУВАЈ.[234]

---

[233] http://www.dacia.org/timeline/Vinca-Turdas/vinca-turdas.html, http://www.egoproject.nl/star/UNbr%2032.htm пристапено на 30.06.2015.

[234] Обработка и транскрипција на Васил Иљов http://www.unet.com.mk/ancient-macedonians/sitivo.htm

**30. „Две капки роса“**
Фигурина од 4.480 – 4.250 г.мак.е.пред.п.христ, Цареви Кули – Македониа.

Локалитетот Цареви Кули[235] се наоѓа веднаш над градот Струмица на просечна надморска височина од 450 метри. Истражувањата на локалитетот Цареви Кули започнаа во 2004 год. поради нелегалните ископувања што беа спроведени на некрополата. Наредната година за прв пат започна со ископување и на акрополата, но тоа беа мали истражувања по обем. Како резултат на истражувањата во 2007 година, беше објавена и мала брошура. Се работи за еден комплексен локалитет со богати и разновидни содржини, сместени во една широка временска рамка, која се протега на над 4.500 г.мак.е.пред.п.х., па, со одредени прекини, трае до крајот на Втората светска војна”.




Сл. 119 Фигурината од Цареви кули.[236]

На илустрацијата е прикажана фигура на жена, скршена на половина, со испишана порака: „ОЛИЛ ИЛИ. ЛИ СО РОСА!“ Коешто ќе рече: **„Взори Сонцето ИЛИ ги пролева светлоста, ‘лие‘ со своите зраци ИЛ во вид на капките роса, пренесувајќи го духот божји Македон со боите на виножитото.“**

[235] http://carevikuli.com/, пристапено на 23.01.2014
[236] http://www.archaeologica.org.mk/mk/aktivnost.php?id=15, пристапено на 05.05.2015.

**31. Историски временски период на Зета Македониа од 4.480 – 4.250 г.мак.е.пред.п.христ.**

Источно - македонски регион, Пелагониски регион, Охридско - Преспански регион.

Според најновите извештаи, почетокот на неолитот во Македониа - Овчеполието датира од пред 4.480 – 4.250 г.м.е.п.п.х. Тоа е еонот на созвездието Бик (Таурус). Културниот развој во периодот на неолитот во Македониа има свои автентични особености, кои одиграле големо влијание на соседите, па и пошироко, мислејќи на Македонскиот Полуостров, Европа, Азија, Африка, Австралија, Северна и Јужна Америка. Причината за сличноста е истиот македонски народ на Сонцето, кој живеел на овие територии со иста култура, писменост и вера, кој имал нужна потреба за соработка и комуникација и со другите племенски заедници од тие територии. Во Македониа разликуваме три региони на неолитски населби и тоа:

“**Источно-македонски регион**. Претставен преку Амзабегово - Вршничка група. Оваа група вклучува делови од северната половина на Македониа и тоа: Овче Поле, Полог, Кумановскиот, Скопскиот, Велешкиот и Струмичкиот регион, но исто така и област во северна Албанија (локалитетот Kolich) и Западна Бугарија (локалитетот Галабник, Ваксево, Блгаричево и др.). Во оваа група вклучен е и регионот Старчево – Србија.

**Пелагониски регион**. Застапен со Велушко – породинска група долж течението на реката Црна.

**Охридско - преспански регион**. Како претставници се Зластрана (ран неолит) и устието на Дрим (доцен неолит)”.[237]

Карактеристично за сите региони е што во нив континуирано се живее преку целиот таканаречен неолитски период. Некои од мотивите на белосликаните садови од Македониа можат да се забележат и на сликаната керамика од Анадолија. Насликаните мотиви претставуваат лигатури со македонска азбука и македонски јазик на Сонцето. Сликаните мотиви се скриени напишани пораки за божјите сончеви зраци **ИЛ** и плодноста на божјата земја **МА**.

[237] „Орнаментиката и телесноста од неолитската материјална култура од Република Македонија“ Г. Наумов стр. 13.

## 32. „ЦУТ – СИМБОЛ НА МАКЕДОНСКАТА ЦИВИЛИЗАЦИЈА“

Бело сликана цртеж-лигатура, историски временски период на Зета Македониа од 4.480 – 4.250 г.мак.е.пред.п.христ. Велушка тумба – Пелагониски регион, Македониа.




Сл. 120/ 1, 2, 3 Реконструкција на бело сликана композиција од Велушка Тумба – Пелагонија.[238]

Ритуалниот сад со бело сликаниот мотив во вид на ЦУТ, навидум едноставен, претставува ремек дело од историскиот период на Зета Македониа од пред 4.480 – 4.250 г.мак.е.п.п.х. на Македонскиот Полуостров и пошироко.

Садот со стилизираниот ЦУТ е симбол на пролетта, љубовта, поезијата, цвеќињата и убавината, симбол за престој на божјиот дух Македон во форма на капка роса, симбол на Маричка божја, Мадон пролетна, Мадонка оплодена, Македонка во раст, мајката родилка и Македониа - рајот. Мотивот е во форма на пупка, отворен цут, оплоден цут, зачеток на плодот и почеток на ВОСКРЕСЕНИЕТО и раѓањето на рајот.

Овој сад со насликаниот мотив ја претставува МАКЕДОНИА, како планета SEMJA од самиот нејзин почеток на создавање на светот и рајот. Садот е роса, орос, оплод, маково зрно, капка афионова опивка, тој е полн со нектар со духот божји Македон. Садот е женската полна ќелија, погодена од љубовната инка пред да пукне и се претвори во ембрион.

Насликаниот мотив на садот во форма на ЦУТ е симбол на македонската писменост, системот на броење, македонската наука, уметност и традиција, македонската вера на Големата МАЈКА на воскресението, **Сонцето, Космосот,ројот, сојот и рајот - Македониа на земјата и вселената**. Мотивот е симбол на македонската цивилизација, со изминат временски период од најмалку 400.000 год. до денес, што претставува историја на светот.




[238] 1. Сад со бело сликана цртеж-лигатура од пред 4.480 – 4.250 г.мак.е.пред.п.христ. Велушка тумба – Пелагониски регион - Археолошки музеј Битола – Македониа; 2. Цртеж „Орнаментиката и телесноста од неолитската материјална култура од Македонија“ Г. Наумов стр. 26; 3. Реконструкција од Бранко Сотировски на бело сликана цртеж-лигатура од Велушка тумба – Македониа.




Сл. 121 Анализа.



- ИЛИ - ИЛ М а д о н к а

Садот е молба до Богот татко Сонце ИЛИ – ИЛ. Поракaта е во стихови која гласи:

**Цут**

**- ОПЛОДУВАЊЕТО ПРОЛИЈ ГО,**
**- ОПЛОДИ ЈА ИЛИ МАКЕДОНИА.**
**- СО ИЛИ КОЛОТО.**
**- ЛУНА НА ЛОМ, ВО МАКЕДОНИА.**
**- ЈАС ЕДЕН ДАР БОЖЕ ОД МАКЕДОНИА.**
**- ИЛ И МАКЕДОНИА**
**- МАКЕДОНИА БОЖЈА!**

Молитвата во стих се изговара или се пее на денот на **ЛОМ** (или XXI–ви декември) со појавата на утката, предвесникот на смртта и раѓањето на нов живот. Богот Сонце ИЛИ, со помош на своите божји зраци ИЛ, ја наросува божјата Маричка, преку пирамидата на Сонцето и пирамидата на земјата. Божјата Маричка, оросена до XXI-ви март прераснува во Мадон пролетна. На овој ден божјата Мадон пролетна ќе стане Мадонка оплодена со духот божји Македон.

Со почеток на пролетта, ЗАЧЕТОКОТ - ЦУТОТ или ембрионот, гален со божјите зраци ИЛ, во дуалистички однос, меѓу Богот ИЛИ и Господарите – Владетели Македонци, ги создаваат сите плодови на земјата. Македонците за сторените добрини ветуваат дар, ујам или жртва. Се одржуваат летните игри КСАНТИКА или ЖАНТИКА – жетварските веселби. Самиот збор „ксантика“ значи: **„Да биде желба Божја, да подари живот на земјата, бесконечно да се раѓаат плодовите за човекот Господарот - Господ Македонец, да бабрат зрната во житата, во пченицата жолто-златна, во јачменот и во ‘ржта“**.

Жртвата е во вино и жито. Господарите – Владетели Македонци принесуваат дар од Македониа и на другите племенски заедници низ светот, во вид на писмо и цифри, наука, уметност, како и вера. Мо-литвата завршува со зборовите, „БОГ ИЛ И МАКЕДОНИА, МАКЕДОНИА БОЖЈА“.

**33. „Окото на Богот ИЛИ“**[239]
Орнамент-лигатура од 4.480 – 4.250 г.мак.е.пред.п.христ, Амзабегово, с. Барутница, Македониа.




Декорацијата на керамичкиот сад е лигатура, која прочитана од десно кон лево, гласи: „ИС ЈИС S‘C“ <. Транскрибирана на современ македонски јазик е со значење:

„СО ПОГЛЕД СИЈАЈ СИ“ во два годишни периоди, во трите месеци пролетни, со Сонцето, во вечноста“.



Сл. 122

Декорацијата е во облик на двојното око кое сè гледа. Тоа е окото на Богот ИЛИ и Господарите - Владетели Македонци. Очигледна е сличноста на мотивот со сликаната керамика од (Çatal Höyük) Чатал Хујук, Турција (стр. 278) Вакво око се среќава и кај Наска линиите во Перу (стр. 314), во Египет (окото Ведјат или Видјат стр. 379), во Равенија, Македониа (стр. 106) и други.

[239] „Орнаментиката и телесноста од неолитската материјална култура од Република Македонија“ Г. Наумов стр. 21.

### 34. „Молба до ИЛ“

Орнамент-лигатура од 4.480 – 4.250 г.мак.е.пред.п.христ, Велушина – Породин, Пелагонија, Македониа.[240]




Сл. 123

Читано од десно кон лево пишува:

„ЛИ И ОЉИ ИЛ“ <, односно: „ЛИЈ ИЉО И ИЛ“.

Насликаниот мотив и содржината на дешифрираниот текст се слични и се однесуваат на Богот Сонце ИЛИ - ИЛ со сликана керамика од регионот Çatal Höyük, Турција (стр. 278).Тоа е, всушност, молба до Богот Сонце ИЉО да лие непрекинато сончеви зраци со ромбот, духот божји Македон.

### 35. „ИЛ лил“

Бело сликана орнамент-лигатура од 4.480 – 4.250 г.мак.е.пред.п.христ, Велушка тумба – Пелагониски регион, Македониа.[241]



Сл. 124 Бело сликаната орнамент-лигатура од Велушка тумба.




ИЛ ЛИЛ, ВО МАКЕДОНИЈА. РОИЛ О ИЛ ЈАС.

Богот Сонце ИЛ подарува сончеви зраци во изобилство, лие, пролева, оплодува во Македонија, а Господарот - Господ Македон ја облагородува. Духовната енергија, пристигната преку триаголникот на светото тројство, ИЛИ, Дон и Господарот - Господ Македон, се враќа како материјална со триаголникот на второто световно тројство: ИЛ, МА и Господарите - Владетели Македонци. Овој сад е употребуван за ритуални цели и принесување жртва на Богот Сонце.

---

[240] Орнаментиката и телесноста од неолитската материјална култура од Република Македонија“ Г. Наумов стр. 21.

[241] http://muzejbitola.mk/za-muzej-bitola/istorija-na-bitola/81-neolitot-vo-bitolsko, пристапено на 23.08.2015.

**36. „Македониа наша“**

Гравир-лигатура од село Војник, место Писан Камен, Куманово, Македониа од 4.480 г.м.е.п.п.х.




Сл. 125. 1. Гравир-лигатура, 2. Македонски килим, 3. Старо Мариово 1582 ц. Жиово, 4. Никуљане Куманово, Македониа. AIF 35-3 вез од женска кошула, 5. Страцин Куманово, Македониа. AIF 37 вез на женска кошула, 6.килим с. Јанче, Македониа. 88750004, 7. Куманово, Македониа, вез на женска кошула AIF 34-3.[242]




Сл. 126 Дешифриран текст.

Оваа гравир-лигатура претставува стилизација на човек, облечен во карневалска облека со рогови на главата како симбол на оплодувачката моќ на Сонцето и пропорции на телото кои служат за стимулација на раѓањето на новата година. Со својата убавина и порака овој мотив е присутен и на македонскиот килим и вез.

На цртеж-лигатурата дешифриран е текст, кој читан од десно кон лево гласи:

„БОГОТ СОНЦЕ ИЛИ – ИЛ СО ЉУБОВ И ЗЕТА МАКЕДОНИА Н’ШТА (НАШАТА). СО СОНЦЕТО ИЛИ – ИЛ ВО ЧЕТИРИТЕ ГОДИШНИ ПЕРИОДИ. СО ОКОТО НА БОГ ИЛИ –ИЛ И ОКОТО НА ГОСПОДАРОТ - ГОСПОД МАКЕДОНЕЦ. СО ЉУБОВ ВО ЧИНОТ НА РАЃАЊЕТО“.

---

[242] Гравирот е предземен од: Душко Алексовски, „Како ја открив карпестата уметност во Република Македонија“, стр. 88, Кратово 2000. Килимите и везовите се предземени од: „Македонската традиционална текстилна орнаментика – класификација, типологија и семиотика на ликовните елементи “, одбранета на 21.12.2012, под менторство на Проф. Др. Никос Чаусидис, од Јасминка Ристовска Пиличкова.

**37. „Точката на божјата Ма“**

С.Бурилчево, локалитет Пилово, Кочанско, Македониа, 3.500 до 2.000 г.мак.е.пред.п.христ.

Во атарот на селото Бурилчево, во локалитетот Пилово, Кочанско е откриена населба од временски период од пред 5.500 до 4.000 г. мак. ера. Малите женски фигури од глина, откриени секаде низ светот, направени од Македонците, користени во ритуалните обреди, најчесто се украсени со шари. Едно од толкувањата што претставуваат тие шари, научниот свет тврди дека тоа се само тетоважи и украси по телото.

Според моето мислење, таканаречената тетоважа претставува не само украс, туку и натпис од словарниците ЦУТНИ напишано со македонски јазик. Конкретно на оваа фигура, може јасно да се прочита следниот текст.




Сл. 127[243] Фигурина - претстава на Големата Мајка, украсена со писмо. Се чита од десно кон лево.

**1. ИЛ sл ДОН**
**2. ИЛ ј ие д‘ша и с‘г уи.**
**3. У Македонија,**
**4. Со XXI-ви (декември), со XXI-ви (март).**
**5. Ли ИЛ и уи л‘м и ис сгј.**

1. ИЛ гледа ДОН,(пролет)
2. ИЛ јас и е душа и сега во мене.
3. Во Македонија.
4. Со XXI–ви (декември), до XXI–ви (март).
5. Лиел ИЛ (и оплодува), тоа е природата на лом и „ИС“ (исус) сега и јас.

(По мое мислење „ИС“ – е ИСУС, а Исус е вкупната жива природа. „ИС“ е новороденииот син, обожествениот Македон - ЗЕТ, осветлен, просветлен, осијан, прогласен за владетел и Господар – Господ на земјата. Зет е младото сонце од денот XXV-ти декември.)

[243] Фотографија: Бранко Сотировски.

**38. „Сад за принесување жртва“**
Остров Крит, Македониа, 2.600 – 1.900 г.мак.е.пред.п.христ.

На островот Крит, најстарите најдени материјални сведоштва се од пред 6.000 г.м.е.п.п.х. Од историскиот период на Зета Македониа од македонската ера на култура која се провлекува сè до денес, наречена пелазгиска култура или минојска култура од Сер Артур Еванс по името на владетелот Миној. Керамичкиот сад, сличен на садовите од Мексико (види стр. бр. 365.) со македонски симболи на плодноста: линијата, спиралата и Сонцето, полумесечини, написано е името на сончевиот зрак ИЛ и рожбата наречена КОК. Натписот е со македонско писмо ЦУТНО и македонски јазик на Сонцето.




Сл. 128[244] Македонски - Пелазгиски керамички сад од островот Крит.




Сл. 129 Дешифрираниот текст.

Дешифрираниот текст е:

„ОКО ИЛИ И КОК ИЛ“, што значи: садот претставува око низ кое поминува енергијата од Сонцето ИЛИ. Сончевите зраци или божјиот дух Македон, преку окото ја допира божјата МАДОН да ја оплоди, за да се роди КОК или живот во вечноста на спиралата на плодовите, а истата таа енергија, во облик на храна ставена во посадата, да се принесе како ујам или жртва на Богот ИЛИ.

[244] http://bealiever.blog.rs/blog/bealiever/kulture-sveta-istorija/2010/02/13/minojska-kultura, пристапено на 05.05.2015

## 39. „Македониа во пролет“

Зета Македониа – Крит[245], 1.660 – 1.400 г.мак.е.пред.п.христ.




Сл. 130 Фреска од палатата во Кносос, претстава на Божјиот Дон, Дион – Дионис, цут - пролет.

` На фреската од палатата во Кносос од времето на владетелот Минос, претставен е ДОН, ДИОН, ЦУТ, пролет. „Оваа цивилизација го започнува својот развој во средно-бронзениот период, а својот зенит го достигнува пред 1.660 – 1.400 г.мак.е.п.п.х. Археологијата потврди дека центарот на оваа цивилизација бил Кносос - древниот град на островот Крит, престолнина на легендарниот крал Минос, во кој се наоѓале раскошни палати.“[246]

Кносос бил меѓу поголемите културни центри за време на историскиот период на цивилизацијата Зета Македониа на Македонскиот Полуостров од пред 1.660 до 1.400 г.мак.е.пред.п.хр. Прв кој започнал систематски ископувања на локалитетот, бил Артур Еванс во 1900 год. Еванс целосно си го посветил животот на истражувањата на пронајдениот локалитет, нарекувајќи го минојска култура по владетелот Минос. Големата палата била постепено градена од пред 1.700 и 1.400 г.мак.е.пред.п.христ. со постепени обновувања, по уништувањата. Ѕидовите на палатата биле украсени со фрески, на кои се претставени верски сцени, како и голем број на активности како: риболов, собирање на цвеќиња и спортски подвизи.

Терминот „минојска култура“ не одговара за еден народ со развиена наука, уметност и вера. Народот кој живеел во континуитет со илјадници години на територијата на островот Крит е дел од македонската ера на култура наречена македонизам, препознатлива по своите култови, општествено уредување, писменост и јазик распространет на пет континенти.

Треба да се направи ревизија на терминологијата која ја употребува Артур Еванс. Очигледен е фактот дека Еванс под влијание на актуелната политика го изоставува терминот Македонија. Очигледно е дека Еванс не ја познава доволно македонската цивилизација од Македонскиот Полуостров, распространета на сите пет континенти, или бил под влијание на актуелната европска политика да ги изоставува термините Македониа - македонски.

Фрагментот од фреската „Македониа во пролет“ во свој сопствен стил ја презентира македонската вера. Во вид на скриена порака на фреската пишува: „Македониа со ИЛ“ пролетна и цутна во престојните четири годишни периоди заедно со духот божји Македон.




Сл. 131 Пеперутка симбол на божјата семенка на која пишува, како скриена порака Македониа

[245] http://www.minoanatlantis.com/pix/Minoan_Priest_King_Feathered_Prince_of_Lilies_Fresco_Art_650px.jpg, пристапено на 05.05.2015.

[246] Институт за класични студии, АНТИЧКА МИТОЛОГИЈА, Филозофски факултет – Скопје, стр. 16.

**40. „Ритуал за дождот“**

Зета Македониа – Крит[247], 1.660 – 1.400 г.мак.е.пред.п.христ. Територија окупирана од безимено арапско племе и држава со измислено име.




Сл. 132 Пролетен обред на принесување жртва или ујам на Богот ИЛИ – ИЛ во храна и вино на ден 21-ви март во земјата Зета Македониа.



Сл. 133 На сликата се распознава натпис Зета Македониа.

**>Зета Македониа**

> ИЛИ Р‘Ј БИЛН‘К > ЛИР‘М ЛИРИ БИОМ И РИЛ ИЛ > ИЛ ЛИ ИЛ ЛИ > ЦУТ ВО ЗЕТА МАКЕДОНИА.

СОНЦЕ ИЛИ РОИ ВО „БИЛНК“ (СЕ МИСЛИ НА ВОДА И ВИНО). „ЛИР‘М“ ЈАС СОНЦЕТО ЛИЈАМ ЖИВОТ, ЛИЈАМ ЖИВОТ И НА ПРИРОДАТА СО ПОВИК НА ИЛ ЗА ОПЛОДУВАЊЕ. ИЛ ОПЛОДУВА ВЕЧНО (СО МАКЕДОНСКАТА РЕШЕТКА НА ВРЕМЕТО) ВО МАРТ МЕСЕЦ, ПРОЛЕТ, ЦУТ, ДОН ВО ЗЕМЈАТА ЗЕТА МАКЕДОНИА.

Овој стих е напишан со буквите на цутот и сликовно хиероглифско писмо. Стилскиот израз на човечките фигури во форма на букви, од оваа претстава на македонските ритуали е сличен на претставувањето на верски сцени и кај Македонците, кои живееле на територијата Зета Македониа АР на МА, денешен Египет. Композицијата ги претставува македонските об-реди: „Оплодување на Божјата МАДОН – оргии“. „Крстење вода“ и „Додолски ритуал“, кои се одржувани во чест на божјиот Ѕеус - Перун, односно на громот и дождот.

247 http://www.sights-and-culture.com/Crete/Knossos-fresco-procession-2593.jpg, пристапено на 05.05.2015.

**41. „Воен печат“**
Бронзен печат од локалитетот Церје, близу селото Говрелево – Скопско, Македониа, 1.500 г.мак.е.пред.п.христ.




Сл. 134 Воен печат со натпис, село Говрлево, Македониа.

На бронзениот печат пишува:
**„SИРНАЛ К'СИ (КУСИОТ) ОД ПОСАДАТА И SИРНАЛ Л'СИ (ЛСКА) ОД ПОСАДАТА.“**[248]

**42. „Фалба на Зет ИГ'Л АЛ“**
Македонска престолнина Еге, 1.400-1.380 г.мак.е.пред.п.христ.

Македонска престолнина Еге е спомената од Зетот **ИГ'Л АЛ**, владетел на Зета, кој се фалел дека ја опустошил ТАА престолнина и НЕЈЗИНИОТ ШТИТ СО СОНЦЕ ОД 8 ЗЕТИ (ЗРАЦИ), а тоа било пред 1.400 – 1.395 г.мак.е.пред.п.христ.



Сл. 135 Фалбаџискиот натпис на Иг'л Ал.




Сл. 136

**„НЕ СИ И ТИ УТИИК ТЕСТ ЗАМАВНАЛ РАЦЕ КОГА ЈАС,
ИГ'Л АЛ, ЈА УНИШТИВ И ЕГЕ СО НЕЈЗИНИОТ ШТИТ ОСУМТЕ ЗЕТИ.“**[249]

---

[248] Бронзен печат од локалитетот Церје - Обработка и транскрипција Васил Иљов http://www.makedonijaese.com/storia1.htm

[249] http://www.makedonijaese.com/storia1.htm, пристапено на 05.05.2015.

**43. „Афионова чушка“**
Некропола Болован, Богданци, Македониа, историски период од 700 – 600 г.мак.е.пред.п.хрис.

Бронзена чашка во форма на афионова чушка, составена е често од три елемента: капак со вертикален држач, бронзено сферно тело (стомак) и нозе. На примерокот од Сува Река, на капакот, ободот и дното на телото фланкирани се птичји протоми. Овие форми од бронза од македонскиот (Пеонски) период на појавата на железото пред 700 - 600 г.мак.е.пред.п.христ. имале култен карактер. Култниот карактер не го одредува само формата, туку и содржината која се чувала во неа, во која се регистрирани морфини – афионов катран. Тој секако имал клучна улога во култниот ритуал.[250]



Сл. 137[251] Стилизација на афионовата чушка: а. Болован – Македониа, б. Лира, в. Крит, г. Египет, д. Каталонија, Шпанија.




Сл. 138 Дешифриран текст.

Содржината, врежана на овој предмет, е разработена и споредена со слични или исти предмети од други предели и периоди низ светот од македонскиот народ, се добива следната констатација:

„СО БОГОТ ИЛ, СООС(СОНЧЕВ ЗРАК), СО МОСТ, ЛЕТ ВО МАКЕДОНИА ЗЕТА – РАЈ ВО КОСМОСОТ“.

Богот на Сонцето ИЛИ ги праќа своите божји зраци ИЛ на земјата, за да ја оплодат божјата МАДОН. Оплодувањето е долгоочекуван чин, кој се случува по рамниот ден, на XXI-ви март. Следуваат пролетните игри на Дон, Дион, Дионис, Цут, пролет, игрите на божјиот Силен, Сатир и Орфеј. На веселбата се принесува жртва во храна и вино. Орфеј со неговиот волшебно опивен инструмент во форма на афионова чушка свири придружуван од Силен и Сатир. Катранот од афионот служи како ритуално средство, преточен преку музиката, создава општа еуфорична веселба. Кулминацијата се случува кога се оплодуваат божјите девојки наречени „Мадонки“ пролетни.

Опивката на афионот се користела и кога се вршело кремирање на покојникот, кога тој бил спремен на пат кон Космосот - рајот и качен на пламените јазици како симбол на сончевите зраци, при чинот на погребување. За поудобен живот во рајот, на клада се става и неговата же-

[250] http://www.muzejgevgelija.mk/praistorija.htm, пристапено на 05.05.2015.
[251] а. Национална установа музеј – Гевгелија, бронзена чаша во форма на афионова чушка: http://muzejgevgelija.mk/praistorija.htm б. Лира, цртеж Бранко Сотировски; в. Стр.125 г.; д. Ramon Viñas Vallverdú - Guies del Museu d’Arqueologia de Catalunya MONTBLANC MUNTANYES DE PRADES; Generalitat de Catalunya Departament de Cultura, стр. 31.

на опиена со афионовиот катран, симбол на бесмртноста. Третата намена на опиумот бил лек – благотворен за болки. Овие три особини на афионовиот катран претставуваат **„СООС“** оска на вселенското движење за оплодување. **„ОС“** како сончев зрак за транспорт на енергијата од Сонцето кон земјата и обратно. **„СООС“** со афионот до вечниот живот во Космосот, до Зета Македониа - Космички Рај.

Афионот е едногодишно растение, високо до метар и половина. Стеблото му е исправено и малку разгрането. Постојат цветови во различни бои: бели, розови или црвени. Плодот му е чашка полна со семе со бела или сивкаста боја со круна на врвот. Опиумот е супстанца што се добива со засекување (режење) на зелените чашки на посебен вид афион - опиумски афион од кој истекува млечен сок. Сокот добиен од афионот се суши, додека не се добие кафеава боја. За Македонците, афионот бил познат од самиот почеток, кога се пронајдени првите пишани материјални верски претстави и записи низ Европа, Азија и Африка. Доколку ја анализираме лирата, ќе видиме дека таа има форма на афион. Како симбол на Орфеј исто така претставува афионовата чушка, тој со својата лира создава опојна музика, која ги хипнотизирала присутните. Таква опојна музика Орфеј свирел на XXI-ви март за време на оргиите, со цел Богот Ил да ја оплоди божјата Мадон.

**„Исар Марвинци“**

Македониа (Идомена), 500 години г.мак.е.пред.п.христ.




Сл. 139 Реконструкција на скелетите од гробот бр.220 од некрополата од Марвинци – Валандово. [252]



Сл. 140 Свештеница Марвинка „Мајка на виното“.[253]

[252] Предземено од насловната страна на книгата „Античко население од Марвинци – Валандово“ од Фаница Вељановска (автори: Марија Сотировска и Тино Сотировски).

[253] Пајонската свештеница“ е дело инспирирано од накитот што и’ припаѓал на свештеница од 2.800 и 2.700 год. македонска ера., а беше пронајден на локалитетот Марвинци. Делото е на скулпторот Сретко Јовановски.

Денешното гратче Марвинци, кое е во непосредна близина на некрополата, со неговото македонско население ги одржува во живот македонските древно-исконски обичаи, вера и традиција во сите сегменти на живеење, особено е жива традицијата на „КАМЕНОТ ТЕМЕЛНИК“, кој се пренесува од колено на колено, при обновување на старите градби, да се користи каменот темелник во новата градба. Ако се земе традицијата, но и анализа на името, кое би било МА-Р-ВИН-ЦИ, се доаѓа до заклучок дека името на урбаниот центар било истото име „Марвинци“, со значење: „МАЈКАТА ЗЕМЈА НА ВИНОТО“. Марвинци со некрополата е дел од македонската држава и македонскиот народ. Скелетните остатоци, откриени градби со натпис „Македониа“, скулптури, предмети од секојдневниот живот, накит и оружје се сведоштво за културниот континуитет од периодот на Зета Македониа, како македонска ера која трае до денес. Откриено е многу за начинот на стопанисување, како и за односот на мртвите, во сооднос со македонската вера на Сонцето и Космосот и патот на душата во Македониа - рајот.

Реконструкцијата на гробните наоди од Марвинци сведочи и за македонскиот народ од подоцнежните локалитети од Велушка тумба и пошироко низ светот.



Сл. 141 Марвинци – натпис Македониа.[254]

## 44. „Мајка на воскресението“

Македонски килим, Етнолошки музеј Скопје – Македониа.




Сл. 142 Македонски килим со стилизираната Голема Мајка.

ПРЕТСТАВА НА БОЖЈАТА МА НА ВОСКРЕСЕНИЕТО СО ЧЕТИРИ ГОДИШНИ ПЕРИОДИ ОД XXI-ВИ ДЕКЕМВРИ ВО ВРЕМЕТО БЕСКОНЕЧНО.

Македонскиот килим со мотивот на Големата Мајка на воскресението (Сл.174), кој е добиен во стилска комбинација на два триаголника, двојното око и дух божји Македон, во спротивен правец на движење. Двата триаголника ги претставуваат светлото и темното и двете свети тројства, духовно ИЛИ, ДОН и духот божји Македон и световно ИЛ, МА и Господари - Владетели Македонци. Ја претставуваат и поларизираноста, односно машко-женскиот принцип, како и поврзаноста со четирите елементи. **Триаголник со врвот нагоре: воздух, пламен. Триаголник со врвот надоле : вода, земја.**[255]

[254] http://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%9F%D0%BE%D0%B4%D0%B0%D1%82%D0%BE%D1%82%D0%B5%D0%BA%D0%B0:MAKEDONIA_Isar-Marvonci.jpg, пристапено на 05.05.2015.
[255] За триаголникот објаснето на стр. 45.

Духот божји преку триаголникот или пирамидата на Сонцето и преку двојното око, окото на Богот ИЛИ и Господарите - Владетели Македонци, поминува во триаголникот или пирамидата на божјата МАДОН – МАДОНКА, МАКЕДОНКА – МАЈКА И МАКЕДОНИА - РАЈОТ, се создава нова енергија, од духовна се претвора во материјална. Материјалната енергија ставена на клада, заедно со Господарот - Господ Македонец, по неговата смрт се враќа назад преку двата триаголника и окото, кон Сонцето на прочистување, а од Сонцето како сончев зрак да пристигне во Македониа - рајот преку „ѕил‘к“ - виножито. Оваа верска сцена во огромни димензии е напра-вена и во пустината Наска.[256] Исто така, оваа претстава ја среќаваме микронизирана на седумте заби од Виндија Хрватска.[257]

Мајката на воскресението, составена од две тробожја: светло, световно, вишо или горно и второто тробожје од темно, нижо или ниско. Според оваа констатација се доаѓа до заклучок, како претпоставка, зошто се правени женски и машки фигурини. Тие во голем број се искршени – преполовени, симболизирајќи ја Мајката од светлото и темното на ВОСКРЕСЕНИЕТО.



Сл. 143 Култни фигури кои симболизираат СВЕТО тројство.[258]



Сл. 144 Култни фигури кои симболизираат СВЕТОВНО тројство.[259]

[256] Дешифрирани текстови од Зета Македониа Прекуокеански Јужен ЦУТ, Наска линии (денешен Перу), 100.000 – 70.000 г.мак.е.пред.п.христ., Стр. 303.

[257] Дешифрирани текстови од Крапина, Македонски Полуостров, Хрватска 130.000 г.мак.е.пред.п.христ. Стр. 142.

[258] Фигурина од Turdas, Зета Мадонија (денес Романија), пред 7.800 – 6.800 години македонска ера, стр. 114. Фигурина од 4.480 – 4.250 г.мак.е.пред.п.христ., Цареви Кули – Македониа, стр. 115. Реконструкција Локалитет Павлов, стр. 192.

[259] Дешифрирани натписи:„Точката на божјата Ма“ С.Бурилчево, локалитет Пилово,Кочанско,Македониа, 3.500 до 2.000 г.мак.е.пред.п.христ., стр. 122; „Македонија со ИЛ“Зета Мадонија, (денешна Саксонија), неолит – македонска ера, стр. 196.

**46. „Дрво на животот“** - Македонски вез.




Сл. 145 Дрво на животот - дрво на пролетта.

„ЖЕЛБИ БОЖЈИ ЗА 21-ВИ МАРТ И 21-ВИ СЕПТЕМВРИ“.

**47. „Божја МА“**
Македонски килим, Етнолошки музеј, Скопје, Македониа.




Сл. 146 Македонски килим со мотив на Големата Мајка на воскресението со божјото око и духот божји Македон.




**> т ИЛ л‘л т ИЛ 21-ви март**

„ТОЈ БОГ ИЛ ЛИЕ, ТОЈ ИЛ НА 21-ВИ (МАРТ). ВО МАКЕДОНИА ВО ТРИ МЕСЕЦИ НА ПЛОДНОСТА ВО БЕСКРАЈ“.

**48. „Со љубов за Македониа“**

Македонски вез, (денес таканаречена Бугарија) пред околу 400 години, македонска ера.






Сл. 147 Македонски вез.

**- Божји дух**







> ОД Г‘Г ИЛ МАКЕДОНИА, ГО Г‘НИ Л‘КО Г‘Д  Л‘Д, Г‘Л‘Д Л‘Г ДО.

- ОД ЉУБОВ БОЖЈА ЗА МАКЕДОНИА, ГО ГОНИ ЛЕСНО, ГАДОТ, ЛАДНОТО, ГЛАДОТ, ЛАГАТА, ДО ВЕЧНАТА ЛИНИЈА НА БЕСКОНЕЧНОСТА.

Толкувањето е следно: „Бесконечна е љубовта на таткото, Богот Сонце ИЛИ – ИЛ кон своите деца, Господарите - Владетели Македонци и со љубов им подарува топлина, со љубовен допир ја оплодува Божјата МА, за да се роди ДОН или ЦУТ“.

**49. „Македониа“**
Орнамент-лигатура на килим Македониа.




Сл. 148 Македонски килим.

Македониа, претставена со четири годишни времиња, Големата Мајка со натпис „МАКЕДОНИА“, Богот Сонце и пролетта Дон.

**50. „Плодност“** Македонски вез.








Сл. 149[260] Македонски вез.

Западноевропските теоретичари, уништувајќи го македонскиот дух, ја уништуваат сопствената историја, препишувајќи ја на безимени племиња како индоевропски или арапски. Мака мачат да докажат дека тие се автохтон народ со историја, која нема корен. Мака мачат да докажат дека македонскиот народ не постоел, но го заборавaат фактот дека тие се асимилирани Македонци на измислени заедници.

Духот Македон повторно се раѓа, реинкарниран во нов живот во XXI-виот век низ родот, сојот и народ македонски, луѓето ГОСПОДАРИТЕ - ВЛАДЕТЕЛИ МАКЕДОНЦИ, во една мала држава на Македонскиот Полуостров, а тоа е МАКЕДОНИА, преименувана во Република Македонија.

Чудно, но вистинито, светот кој претставува гигант или „ГОЛИЈАТ“, е исплашен од името Република Македонија, која е мала како маково зрно или „ДАВИД“. Светот е исплашен од самото име Македониа, што претставува МАК – **Е** – ДОН, со значење**: Маковото зрно е цут, пролет, незапирлива вселенска оска, крш и прекршување на оската, ОД – ДО на МА или МАК или БОЖЈИ ДУХ МАКЕДОН.** Градењето пирамиди и копањето ходници под пирамидите е саможртва за лет преку пирамидата кон рајот. Ист е случајот со изградбата на македонските пирамиди во Зета Македониа АР на МА (денешен Египет).



Сл. 196 Пирамида Високо во Босна, Македонски полуостров.

**62. „Тег за разбој“**
Зета Македониа, Караново 6.200 – 5.000 г.мак.е.пред.п.христ.




Сл.197[276] Тег за разбој во вид на сончев зрак

Камен со дупка, кој најверојатно служел како тег за ткаење има подлабоко суштинско значење. Формата на каменот изгледа како тег или висак, сончев зрак кој се спушта од вселената, ракета или капсула, инструмент за одредување на пролетната рамнодениница. Коинциденција или не, дупката на каменот е центар или папокот на светот. Размерот на линиите одговараат на денешните замислени линии - „нулти меридијан“ (Гринич) или ИЛ и Екватор или МА. Сончевиот зрак изгледа како божја семенка во движење да ја оплоди божјата МАДОН. На каменот е нацртана бремена **–** МАДОНКА со македонски букви и со сите нејзини атрибути. Напишано е: „**М‘ДОН**“, што значи божјата МА е стасана за оплодување на ден XXI-март.

[276]http://www.storia-dell-arte.com/anto2/immagini_%20voci/figure-geometriche/triangolo/triangolo-dea-karanovo.jpg, пристапено на 05.05.2015.




Сл. 198 Мерен инструмент




Сл. 199

## 63. „Амајлија“

Доброѓе, Зета Мадониа – Македониа (денес наречена Романија), 20.000 г.мак.е.пред.п.христ.



Сл. 200 Амајлијата.[277]




Сл. 201 Анализа.

Амајлијата од областа Доброѓе во **Романија,** според истражувачот Марија Гимбутас, е со изминат временски период од пред 20.000 г.м.е.п.п.х. Според неа, амајлијата е украсена со декоративни елементи.

Всушност, таканаречената декорација претставува македонски текст, кој е напишан со македонските слова цутни. Во текстот се забележува дека луѓето го чувствуваат заминувањето на зимата и доаѓањето на пролетта, со очекување на светлата иднина. Овој текст е дел од македонската вера на Сонцето, Космосот и патот до рајот. Зимата е при крај, деновите се потопли. Кусиот, темен и студен зимски ден од 21-ви декември се наголемува кога мајката природа се буди, се претвора во **МАДОН – пролетна**. Оплодена од божјиот дух МАКЕДОН, сега е веќе **МАДОНКА.** Надежта за богата родна година, заедно со Сонцето ИЛИ е огромна.

Текстот транскрибиран на соврмен македонски јазик гласи:

- И ОДАТ МОИТЕ ЛАДНИ,ВО ТЕМНИЦАТА ИГРА ЛОМ НА МАДОН.

- ИЛ И МАДОНКА.

- ЈАС ПОВТОРНО ГО ГЛЕДАМ СОНЦЕ ИЛИ.

-

[277] http://www.egoproject.nl/star/UNbr%2032.htm, пристапено на 01.10.2012.

**64. „Линија на вечниот живот“**

Зета Мадониа (денес наречена Романија), 6.000 г.мак.е.пред.п.христ.

Глинените плочки со линеарни форми, откриени во 2009 година од археологот Думитру Јонита, на десниот брег на Бистрита, се обработени во следниве редови:




Сл. 202 Глинената плочка[278] и нејзината анализа.

„ТЕШТОТ ОД СОНЦЕТО ИТА ОД БЕСКОНЕЧНАТА ВСЕЛЕНА СО СОНЧЕВИТЕ ЗРАЦИ ИЛ, ТИЕ ПРОЛЕВААТ, ОПЛОДУВААТ ВО ТРИТЕ ПРОЛЕТНИ МЕСЕЦИ. ВО РАМКИТЕ НА ШЕСТЕ МЕСЕЦИ ВО РОД.“

Тештот, претходно качен со косата линија како сончев зрак на Сонцето, се спушта на земјата со сончевите зраци како духовна енергија, повторно да се роди во вечниот живот на РАЈОТ да изврши **олевање, пролевање**, оплодување.

[278] http://www.romanianhistoryandculture.com/vadul%20rau.png
http://dezvatatorul.blogspot.com/2010/06/surorile-tablitelor-de-la-tartaria.html, пристапено на 28.07.2013.

**65/1. „Големата Мајка Македонка“**
Зета Македониа, Македонски полуостров, Винча, (денес наречена Србија), од пред 4.500 г.мак.е.пред.п.христ.[279]

Писмени симболи пронајдени во локалитетот Винча. Локалитетот Винча е дел од македонската ера на народот Македон, кој се наоѓа на Македонскиот полуостров, во склоп на Зета Македонија Европа која е пак дел на Големата Зета Македонија Рајот која се простира на сите пет континенти. Тоа е култура на македонскиот народ со писмо цутно и јазик македонски, со развиена наука, уметност и вера на Големата Мајка, сонцето и космосот.



Сл. 203 Големата Мајка.




Сл. 204 Големата Мајка со нејзината форма ги симболизира четирите годишни периоди и две пирамиди.

[279] http://opusteno.rs/slike/2012/06/istorija-vince-15010/arheolosko-nalaziste-vinca-2.html, пристапено на 27. 06.2015.




Сл. 205 Дешифриран текст.

Големата Мајка се среќава на сите пет континенти,тоа е традиција до денес и во Македонија, во континуитет, преку Македонскиот килим и вез. Стилскиот израз на оваа фигурина се поклопува со фигурините пронајдени на целиот Македонски полуостров. Главата е во форма на триаголник со една страна заоблена, слично или исто како основата на куќата во Лепенски Вир. Очите претставуваат две изгрејсонца.

Самата фигурина е скулптура-лигатура во која се крие следната порака: „ЛОСИ ИСИИ, МАКЕДОНИА“. Транскрибирано на современ Македонски јазик гласи: „ЛОСИ“ или ГЛОСИ е божјо слово или збор, кој „ИСИИ“ - свети, исијува или се раѓа во МАКЕДОНИА.

**65/2. „Божјиот поглед - благовестие со духот божји Македон“**
Зета Македониа, „Predionica, Kosovo Vinca - Plocnik Culture“ од Македонскиот полуостров, од пред 5.000 г.мак.е.пред.п.христ.



Сл. 206 „Божјиот поглед - благовестие“

Според повеќето истражувачи, погрешно е наречена „Винча културата“, фигурината наречена „теракотна маска“, е приказ на „вонземјанин како божество, кој ги донел цивилизациските одлики на човештвото“. „Теракотната маска“ е од Predionica, Kosovo, од Македонскиот полуостров, од пред 7.000 г. македонска ера, со висина 16 см. [280]

[280] http://www.ewao.com/a/1-the-mysterious-vinca-figurines-evidence-of-extraterrestrial, пристапено на 27. 06.2015.



Сл. 207 Сончев зрак дух божји Македон кон земјата.



Сл. 208 Дух божји Македон од земјата кон Сонцето. од сонцето

Според науката се смета дека овие стилизирани форми се плод на луѓе со одредени мозочни повреди или болести, халуцинации поради употреба на дрога или алкохол.

Неможноста за порационално толкување на овие артефакти кои ги има на сите пет континенти, научниот свет ги поврзува со вонземјани и халуцинации. Всушност, овој и на него слични артефакти се доказен материјал, поткрепени со писмо, јазик и култура на живеење, докази за постоење на една цивилизација со развиена наука и вера. Според писмените знаци со кои е изработена формата како скулптура–лигатура, дознаваме за народот кој ги изработувал, а тоа е македонскиот народ во рамките на државата големата Зета Македониа, распространета на сите пет континенти.

Тоа е стилизиран приказ на пренос на енергијата од сонцето кон земјата и обратно, заедно со неуништивиот дух божји Македон.




Сл. 209 Скулптура–лигатура со натпис Македон.

## 66. ЛЕПЕНСКИ ВИР

Зета Мадонија - Македониа, Македонски полуостров, (денешна Србија) 5.300 – 4.800 г.мак.е.пред.п.христ.

**Лепенски вир** е група од дванаесет населби на терен не поголем од 3 до 5 км., настанати во период од пред 5.300 – 4.800 г.мак.е.пред.п.христ. Се наоѓаат во Ѓердапската клисура од десната страна на реката Дунав, распослани на тераси, со 15 километри оддалеченост од градот Долни Милановец. Откриени се 1965 – 1970 г., и претставуваат споменици на културата, тогаш непознати за научната јавност, но затоа денес се препознатливи во склоп на македонската цивилизација. Според Д. Стрејовиќ и Љ. Бабовиќ, стр.39 во книгата „Уметност Лепенског Вира“, куќите и населбите како целина претс-тавуваат помали или поголеми пеште-ри.




Сл. 210 Мапа на македонски населби, и натписот од Градешница „ПИР МАКЕДОНСКИ“.

Најверојатно, со објаснувањето сакаат да докажат дека човекот, пред овој културолошки развој, живеел во пештери. Според моето мислење, жи-телите на Лепенски Вир, како и сите други Македонци низ светот, од исто-рискиот временски период на Зета Македониа, пештерите ги користеле единствено како храмови за пристига-ње и престој на духот божји Македон и тоа преку врвовите на планините, сме-тани за пирамиди и набљудувачници.

Поради самата свесност за себе и околината, луѓето живееле во куќи.[281] Архитектурата и уметноста се темели на континуитетот на живеење на Македонскиот полуостров и пошироко од пред 400.000 г. македонска ера.

Карпата Трескавец (сл. 211) претставува природна пирамида, набљудувачница и светилиште на Македонците од историскиот период на Зета Македониа, која служела за прогласување на новиот ЗЕТ, владетел, Господар, Господ на земјата. Карпата го добила своето име од начинот на при-стигање на божјиот дух Македон, во облик на светлосен зрак „SE“ – молњата со огромен тресок. На тој начин погледот „SE“, преку врвот на пирамидата и природните пештери или издлабените ходници, влегува во усните на божјата Мадон, оплодувајки ја.

Имено, настанувањето на населбите во Лепенски Вир не е поради нивната изолација од другите делови на Европа и светот, туку тоа е резултат на комуникацијата на луѓе по копно, но и по вода. Резултат на комуникација по реката Дунав и нејзините притоки поврзани со Европа и блискиот исток, а со тоа и со целиот свет. Пејзажот на клисурата околу Л. В. совршено одговара на сфаќањата на Македонецот за животот, верата, а безбројните ливади и високи врвови на ридови се дел токму од таа слика и верување.

Основата на населбите покажува дека населените тераци над реката Дунав, се сфатени како простор во вид на полутопка, или триаголник изваден од кругот што претставува триаголен модул во архитектурата и скулптурата. Комуникацискиот систем во вид на **македонската решетка на времето бесконечно**, го симулира пристигањето и движењето на духот божји Македон во вид на ромб, поделен на четири дела како четири годишни периоди[282].

[281] Види „Шупел седмо колиште“ стр. 109; „Сонот на еден Македонец“ Зета Македониа, Пиринејска пештера Алта Мира, (денешна Шпанија) 14.800 – 14.400 г.мак.е.пред.п.христ. Стр. 22.

[282] Види повеќе за ромбот и македонската решетка на времето бесконечно, страна бр. 47 и 48.



Сл. 211 Карпа Трескавец висока 679 м. која се наоѓа наспроти населбата Лепенски Вир – природна пирамида.




Сл. 212 Комуникациски систем на населбата Лепенски вир I.

Откриени се градби за верски обреди, како и за живеење, скулптури од песочник, керамички садови, орудие и оружје од коски и камен. Мотивот, смислата и содржината на уметноста, потеклото за создавањето и развитокот за научниот свет не се познати и се погрешно толкувани. Врз основа на доказниот материјал, пронајден во Лепенски Вир, неговата уметност поткрепена со пишани документи, се доаѓа до заклучок дека тоа не е производ на ловечко-собирачкиот примитивен човек, кој изработувал само камени копја за лов поради неговата исхрана, туку е дело на човек со високо развиена свест, развиено сточарство и земјоделие, наука, уметност, а со тоа и верата во МАЈКАТА – родилка на воскресението – Сонцето, Космосот, сојот,ројот и рајот на земјата и вселената, сфаќањето за смислата на животот и постанокот на светот во дуалистички

соодност помеѓу божеството Сонце ИЛИ – ИЛ и неговиот син „ИСУС“[283] - Господ МАКЕДОН. Тоа е едно општествено верско-политичко уредување со контрола на движење на стока и патници по реката Дунав. (Дун – Дунум, голема река која се влива во море).



Сл. 213 Реконструкција Локалитет Павлов.[284]



Сл. 214 Реконструкција на населбата Лепенски Вир.

Поради овие сознанија, Лепенски Вир совршено се вклопува во духот на епохата, кога настанал со одредени регионални карактеристики во архитектурата и скулптурата. Тоа не е феномен на изолирана област од другите региони по течението на реката Дунав, наречен Зета Мадонија (или Македониа) со „НАРОДОТ МАКЕДОНСКИ“ и пошироко на Македонскиот полуостров и Големата Зета Македониа Европа и на сите пет континенти.



Сл. 215 Реконструкција од археолошки локалитет Павлов.[285]

Уметноста на Лепенски Вир, архитектурата и скулптурата, може да се толкува само со целокупноста на обичаите, обредите, песните, музиката, носиите, танцот и усните преданија, со еден збор верата и фолклорот, присутен кај македонскиот народ, неговиот јазик и писмо, денес наречени македонски словарници ЦУТНИ (кирилица и латиница).

[283] За ИМЕНКАТА „ИСУС“ види стр. 31.
[284] http://www.anthropark.wz.cz/pavlova.htm, пристапено на 29.04.2014.
[285] http://www.anthropark.wz.cz/pavlova.htm, пристапено на 29.04.2014.



Сл. 216 Носија од Скопска Блатија, Македониа.[286]



Сл. 217 Вез од женска кошула од село Дуње, Мариово од пред околу 100 г. македонска ера.[287]

Поради сето ова, нема побитна разлика во културата на живеење, помеѓу историскиот период на Зета Македониа и другите историски периоди, кои се протегаат сѐ до денес, што претставува македонска ера. Покрај архитектурата и скулптурата, културата на живеење во Лепенски Вир е идентична со другите делови на светот во рамките на големата Зета Македониа. За овие сознанија, подолу, следи анализата на спомениците на културата.

**- Архитектура**

Архитектурата од Лепенски Вир се заснова на слова, цифри и пропорции, геометрија и астрономија и таа има свои корени во традицијата, науката и македонската вера.

Основа на куќата во населбата е во форма на триаголник, изваден од круг. Оваа форма претставува триаголен модул или лигатура, на која може да се прочита: „С АС ИЛИ". Со значење: „Само со мене Богот ИЛИ". Триаголникот - македонскиот симбол на две тробожија, свето и тоа Богот Сонце ИЛИ – ИЛ, божји ДОН, божјиот дух Македон и световно линеарно тробожие – Богот ИЛ (божјите зраци), божјата МА и Господарите - Владетели Македонци. Триаголникот метафорично претставува еден годишен период. Во основата на куќата можат да се исцртаат осум триаголника или два пати по четири годишни периоди или две пирамиди, како симбол на македонскиот народ за пренос на духовната енергија во материјална и обратно, преку огништето како двојно око на Богот ИЛИ – ИЛ и Господарите - Владетели Македонци.

286 Македонска Ризница, десетти број, Мај 2, 2013

287http://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%9C%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8_%D0%B2%D0%B5%D0%B7, пристапено на 05.05.2015.




Сл. 218 Основа на куќа во населбата Л.В. во облик на триаголник и еден полукруг, што го претставува двојното око на Богот Сонце ИЛИ – ИЛ и Господарите - Владетели Македонци.[288]

**- Скулптура**

Според српските теоретичари, скулптурите од Лепенски Вир претставуваат: фигура – облуток на луѓе со големи очи и уста во форма на риба со загадочни арабески, веројатно идоли на ловци - рибари, чии животи зависеле само од реката Дунав.[289] Во изработка на скулптурата се користи триаголен модул, исто или слично, како скулптурата од локалитетот Винча, Караново[290] и др. Отсуство на прикажување на телото го толкуваат како вредност. На скулптурата се додава орнамент (кривулеста линија, осмици, спирали), кој ги отсликува внатрешните органи. Скулптурата од Лепенски Вир, нејзината симболика и писмо како нејзина декорација, може да се толкува само со традиционален ликовен израз, јазик и писмо на македонскиот народ.

**- Писмо**

Македонските слова поставени се во служба на декорација на самиот предмет каде се наоѓаат, или од самите букви во вид на лигатура е изработен самиот предмет. Тие потсетуваат на сончеви зраци, кои се спуштаат на земјата за пренос на светата енергија. Буквата како цут формира македонски зборови со своја смисла, значење и порака.

---

288 „Уметност лепенског вира“ – Драгослав Срејовиќ, Љубинка Бабовиќ стр. 45.

289 „Уметност лепенског вира“ – Драгослав Срејовиќ, Љубинка Бабовиќ стр. 53.

290 Дешифриран текст: „Божја МА и Македониа“ Караново, Бугарија, пред 5.000 – 2.000 г.мак.е.пред.п.христ Стр. 112.

### 66/1. „Мадонија“

Лепенски Вир**,** Зета Мадонија - Македонски полуостров (денешна наречена Србија), Власац I-а, прото Лепенски Вир I-а, 11.000 – 5.300 г.мак.е.пред.п.христ.




Сл. 219 Рог од елен.[291]

Рог од елен (Сл. 213) со гравура, на која пишува (транскрибирано на современ македонски јазик): „МАДОНИЈА, од ХХ, ХХ, ХХ, ХХ, ЛОМ НА МА“. Со рогот како машкиот принцип на Богот Сонце ИЛИ – ИЛ и божјата семенка - дух божји Македон.

### 66/2 „Ембрион со матката“

Лепенски Вир, Зета Мадонија - Македониа, Македонски полуостров (денешна Србија), 5.300 – 4.800 г г.мак.е.пред.п.христ.

Според Српските теоретичари, „скулптурата наречена само СКУЛПТУРА, претставува глава на некое животно во форма на топка. Нанесени се орнаментални мотиви, кои стојат независно од топчестата форма. Плетенка од два члена со два рогати завршетоци од едниот крај и полукружен прамен со точка во средината од другата страна, обична трichлена и аглеста двочлена плетенка, како и спирала се врзуваат како збир на нужни ознаки“.[292] Ова значи дека скулптурата е налик на животинска глава со обични двочлени и тричлени плетенки. Српските теоретичари опишувањето на скулптурата го прават еднострано.



Сл. 220 **ј су г‘ѕ з п з ј‘т ту <**

[291] „Уметност лепенског вира“ – Драгослав Срејовић, Љубинка Бабовић стр. 47.

[292] „Уметност лепенског вира“ – Драгослав Срејовић, Љубинка Бабовић стр. 125.

Тран. на сов. м.ј. „УТ ТОЈ, ЦРВЕНИОТ ВЛЕЗ, ЦРВЕНИ ГЛЕДАМ УСНИ ЈАС“

Според моето толкување, името на скулптурата, прикажана на Сл. 220 е: „Оплодена женска полна ќелија“ или ЕМБРИОН. На ембрионот е изгравирана матката со женската полна ќелија, женскиот принцип, божјата семенка и спирала со јасна порака, напишана со симболи и слова, што значи љубовен допир помеѓу женската и машката полна ќелија, со линијата на бесконечноста на плодовите низ времето. Три месеци есенски и три месеци зимски умираат или завршуваат со појавата на УТОТ, кој ја носи душата на зимата со појавувањето на пролетта, која се раѓа. Три месеци пролетни и три месеци летни, наредени на оплодената божја МАКЕДОНКА, во вечната спирала на плодовите. На скулптурата **„Ембрион со матката“** пишува: „УТ ТОЈ, ЦРВЕНИОТ ВЛЕЗ, ЦРВЕНИ ГЛЕДАМ УСНИ ЈАС“. Што значи, се појавува утот, отворен е влезот на пролетта, се наsираат црвените плодови на усните од природата. Ембрионот од долната страна почнува да се цепи или размножува. Иста или слична претстава на ембрион имаме во Зета Македониа Пиринејска, во пештерата Мас Де Азил, денешна Франција (Стр. 243).




Сл. 221 Божја Македониа – матка, сончев зрак или дух божји Македон.[293]

## 66/3. „Големата мајка“

Лепенски Вир, Зета Мадонија - Македониа, Македонски полуостров (денешна Србија), Населба II 51 x 39 ИБ. 37, пред 5.300 – 4.800 г.мак.е.пред.п.христ.




Сл. 222 Големата Мајка – Лепенски Вир[294]

[293] „Уметност лепенског вира“ – Драгослав Срејовиќ, Љубинка Бабовиќ стр. 125.

[294] „Уметност лепенског вира“ – Драгослав Срејовиќ, Љубинка Бабовиќ стр. 114.




Скулптура во форма на богово јајце, со траги на црвена боја, е симбол на црвеното изгрејсонце. Претставува божјата МА со женски атрибути во форма на Дон, цут, пролет, капка роса, дух божји, со погледот во Сонцето и напишаната порака, која транскрибирана на современ македонски јазик, гласи:

„СИЈАШ УШТЕ ИЛ. ПОДАРИ СИТОСТ НА МАКЕДОНИА ЗЕТА БОГУ – ИЛ СО ЉУБОВ“ !

**66/4. „Тешт“**

Лепенски Вир, Зета Мадонија - Македониа. Македонски полуостров (денешна Србија), населба II 38x26 см. ИБ. 435, 5.300 – 2.800 г.мак.е.пред.п.христ.

Сè што е изразено фигуративно и орнаментално во Лепенски Вир, поткрепено со писмо, инспирирано од македонската вера, содржано е во скулптурата „ТЕШТ“. Скулптурата го изразува сонот на секој Господар - Владетел Македонец, стилизиран во сончев зрак и капка роса – божја семенка.

Достоинствен и одлучен со погледот вперен во пирамидата „Трескавец“, тештот е спремен за саможртва за спасот на својот род и сој на пат кон Сонцето ИЛИ – ИЛ за прочистување и влез во вечниот живот во Македониа - рајот во вселената и земјата.

Телото му е обвиткано со крута декорација од кружно - ромбични симболи како роса, како дух божји, симболи на правецот на движење на духот од земјата кон Сонцето и од Сонцето кон Македониа – рајот, поткрепено со буквите цутни, написано на древно-исконски македонски јазик.







Сл. 223[295] Скулптурата „Тешт“ од Л.В. и разоткриениот натпис.

Транскрибирано на современ македонски јазик, записот е следниов:

„КОН СОНЦЕТО СО МОЛБА И СО ЉУБОВ КОН ЗЕМЈАТА СО ’ОС‘(СОНЧЕВ ЗРАК - РОМБОТ) “О... АР НА ЗЕТА МАДОНИЈА ИЛ ПРОЛЕВАЈ ГИ СВОИТЕ ЗРАЦИ ‘ИЛ’ И ДУХОТ БОЖЈИ МАКЕДОН“.

[295] Уметност лепенског вира“ Драгослав Срејовиќ, Љубинка Бабовиќ стр. 118.

**66/5„Мадонија Зета Наша“**

Лепенски Вир, Зета Мадонија - Македонски полуостров (денешна Србија), населба II 38х 26 см. ИБ. 435, 5.300 – 4.800 г.мак.е.пред.п.христ.

На следниве илустрации, прикажани се ромбични форми, како дел од првичните симболи од Големата Зета Македониа и кои илјадници години опстоиле како незаменлив и веродостоен печат, опишувајќи едно верување, кое верно ја следи истата слика во верата на сите континенти, низ разни временски периоди, отелотворувајќи ја вечноста на времето како македонска ера.




Сл. 224 Ромбични форми од различни територии на големата Зета Македонија

Низ страницаве се обработени останатите, додека овде акцентот е на артефактот од Лепенски вир.




Сл. 225 Ромбичните форми го претставуваат духот божји Македон со правец на движење од сонцето кон земјата и обратно.





Сл. 226 Заб од дива свиња, Лепенски вир. [296]

[296] Заб од дива свиња, Уметност лепенског вира“ – Драгослав Срејовиќ, Љубинка Бабовиќ стр. 201.




На забот пишува: „ТЕШТ, УЛИ СИИ. У ЛУНА XXI МАДОНИЈА ЗЕТА Н‘ША“. Транскрибирано на современ македонски јазик е: „ТЕШТОТ МОЛИ ГО ДА СВЕТИ ВО МЕСЕЦОТ (ДЕКЕМВРИ) ОД XXI-ви ВО МАДОНИЈА ЗЕТА НАША“. Стилскиот израз на пренесување пораки го среќаваме секаде низ светот. Во изразот доминираат сончевите зраци и ромбот, како дух божји Македон.[297]

Со ова заклучуваме дека токму ромбичните форми не се јавени случајно и одеднаш. Практично согледуваме која е причината за таквите орнаментни форми на носиите, везовите и предметите живи до денес во повеќето региони на светот и Македониа.

Сл. 227 Дешифрираниот текст.

**67. „Дух божји Македон - сказалка на времето“**

Билзингслебен (Bilzingsleben), Зета Мадонија – Мадониа, Лужице (денешна Германија) пред 400.000 години, македонска ера до денес.




Сл. 228 Местоположбата на локалитетот.

[297] „Дух божји Македон - сказалка на времето“, Билзингслебен (Bilzingsleben), Зета Мадонија (денешна Германија) пред 400.000 г. македонска ера Стр.185; „Зимски празнувања“ Крапина, Хрватска пред 130.000 г.мак.е.пред.п.христ. Стр. 144.

Локалитетот Билзингслебен се наоѓа во срцето на територијата Лужице. На таа територија живее автохтон македонски народ со континуитет од најмалку 400.000 г. до денес. За тоа сведочат сите возвишенија и вдлабнатини, води, растителен свет, населени места и комуникации, именувани со македонски термини, како на пример топонимот БЕР-лин, син на Македон. Имено, на оваа територија се наоѓа досега најдревно-исконскиот писмен доказ за постоењето на македонската култура и цивилизација.

Џон Феликс во својата статија „Графики на Билзингслебен" во 2006 година, истакнува дека пронајдените коски од овој локалитет содржат знаци, кои можеби се првите сведоштва за тоа дека од камениот период луѓето комуницирале со пишан збор и имале јазични способности развиени на ниво, како и денешниот човек. Коските се со утврден изминат временски период од 400.000 години, пронајдени на 10 км оддалеченост од наоѓалиштето, кое е откриено од познатиот германски археолог Дитрих Маниа. Тој истакнува и дека човекот од тој период имал ментални способности и моќ за апстрактно размислување, истражувајќи ги прецизно изгравираните геометриски паралелни линии. Неговата студија покажува дека луѓето од таа доба, поседувале интелигенција, која заедно со нивната способност за симболичко и математичко увидување, ги прави рамни на денешните луѓе. [298]



Сл. 229 Фосилна коска со пишан текст од две страни, со македонски слова од „азбуката на цутот". [299]



Сл. 230 Цртеж на гребнатините од предната страна.

[298] Feliks, J. 2010. The graphics of Bilzingsleben series: Scientific misconduct over ancient artifact studies and why you should care: Part 2: Censoring the world's oldest human language. Pleistocene Coalition News 3 (5): 12-14..

[299] http://www-personal.umich.edu/~feliks/bilzingsleben-series-prt2-early-language/index.html, пристапено на

Седум коси линии, или седумте сончеви зраци, формираат еден божји сончев зрак, дух божји Македон, копје, стрелка или летачки објект, кој се спушта на земјата. Тој агол е приближниот агол на отстапување на Земјината оска ИЛ од вертикална во коса положба, приближно под агол од 23,5 степени, тоа е положбата на земјата на почетокот на XXI-ви декември.



Сл. 231 Слова во облик на сончев зрак.




Сл. 232 Анализа



Сл. 233 Фосилната коска од другата страна со напишаниот текст.




| | Дешифриран текст: | Транскрибиран на современ македонски јазик: |
|---|---|---|
| 1. | J'S И ИС ИМ'С 4+4 И | - ГЛЕДАЈ И СО НЕА ИМАШ 4+4 И |
| 2. | S'J SИ УЈИ. | - ГЛЕДАЈ!! ГЛЕДАМ МЕСЕЦИ. |
| 3. | С'М ИМ'ЈС'Ј, | - САМО ИМАЈ, СИЈАЈ. |
| 4. | С'ЈЈ'СИ СИЈ. | - СЕГА ЈАСНО СИЈАЈ. |
| 5. | С'Ј УЈИ УС'Ј. | - СЕГА ЈАС ВО МЕСЕЦОТ ВО УСНИТЕ. |
| 6. | УЈ'М | - СО УЕМ. |

За разлика од западноевропските научници, според моето мислење, линиите на коската имаат своја цел и намена, тие не се направени случајно. Линиите ги претставуваат сончевите зраци, светлоста, просветленоста, знаењето, светите букви со кои е напишана еротска порака за создавање на животот на земјата. Тие ги симулираат движењата на зраците од Сонцето кон земјата под одреден агол од секој зрак. Во еден момент, зраците се спојуваат во една еротска точка со земјата.

Според дешифрираниот текст под бр. 5: „СЕГА ЈАС ВО МЕСЕЦОТ ВО УСНИТЕ.“ Текстот недвосмислено ни кажува за месецот март, месецот на оплодувањето во усните на земјата. Тоа е обраќање на Богот Сонце ИЛИ – ИЛ до своите божји деца, Господарите - Владетели Македонци да принесат стимул или „УЈАМ“ за поголема рожба.

За да се слушнат и остварат човековите желби од Богот Сонце ИЛИ – ИЛ, се принесувало УЈАМ или жртва на одредени места или светилишта. Жртвата била некое животно или храна. Овој ритуал се практикува и до денес. Во Хрватскиот јазик терминот УЈАМ и денес се користи, што значи ЈАМСТВО или гарант, аванс, гаранција или капар.

Сончевиот зрак, кој се спушта на земјата во облик на дух божји Македон и пораката испишана со букви во форма на стрелка или летачки објект, ги среќаваме секаде каде што живееле Македонците, како на пример во локалитетот Наска, Перу (пред 75.000 г.м.ера.п.п.хр.) стр. 316, Пештера Pestillac - Франција (пред 11.000 – 13.000 г.мак.е.п.п.хр.) стр. 230, Lene Hara, пештерата во Индонезија (пред 6.000 – 2.000 г.мак.ера.пред.п.хр.) стр. 282, Мегалитот во чест на Зет Ајон, пронајден во Холич, Словачка (пред 6.000 г.мак.ера.п.п.христ.) стр. 187.

**68. „Тешту востани“**

Пештера Vogelherd, Зета Мадонија (во југозападниот дел на денешна Германија) пред 40.000 г.мак.е.пред.п.христ.




Археолозите од Универзитетот во Тибинген пронашле фрагмент од слонова коска, која припаѓа на историскиот период на Зета Македониа од пред 40.000 г.м.е.п.п.х. во пештерата Vogelherd, во југозападниот дел на Германија. Фигура со ликот на лав била откриена за време на ископувањата во 1931 г. и може да се види во Музејот на Тибинген универзитетот од 30 јули 2014 г. „Фигурата претставува лав“, изјави професорот Николас CONARD од Тибинген Универзитетот[300].

Сл. 234 Карта на Зета Мадонија со локалитетот пештерата Vogelherd



Сл. 235 Лав со натпис, пештера Vogelherd, Зета Мадонија пред 40.000 г.мак.е.пред.п.христ.

300 http://phys.org/news/2014-07-fragment-ice-age-ivory-lion.html, пристапено на 05.05.2015.




Сл. 236 Словата формираат ромбични форми.




Сл. 237 Дешифриран текст.

На фигурата има изгравирани линии, кои формираат симболи и тоа ромбични форми, слова цутни и цифри пролетни на древно-исконски македонски јазик. На фигурата пишува:

„ТЕШ-ТУ ВОСТАНИ ОД XXI, XXI, XXI, XXI-ви, ОД МАКЕДОНИЈУ“.

**69. „Зет АЈОН“,**

Зета Мадонија - Македониа, Мегалит од Холич – Словачка пред 32.000 – 8.000 г. г.мак.е.пред.п.христ.

Мегалитските камења се пронајдени во 1988 год. во градот Холич во Словачка.[301] Овој камен има линии, кои според Словачкиот истражувач Рудолф Ирша, имаат магиска функција. Како најзабележливи, тој ги истакнува гравурите на тркало, куќа, чекан. Исто така не ја исклучува ниту веројатноста дека самиот камен е декориран со букви, направени во еден континуитет од илјадници години. Најголемиот пак камен се наоѓа на средината на т.н. светилиште и е висок 680 см. Тој смета дека е со изминат временски период од 8.000 год. Претставува натприродна моќ и сила, а не исклучува и поврзаност со астрономијата.



Сл. 238[302] Град Холич.



Сл. 239 Мегалитот на Зетот Ајон кој служел како опсерваторија.

[301] Irša, Rudolf, Kamene pradávneho času, 2004, ISBN:80-967164-3-

[302] Irša, Rudolf, Kamene pradávneho času, 2004, ISBN:80-967164-3-










Дешифриран текст:

[1] И Г‘Т Д‘ЊИ ЛУНАРУ.
[2] СО ОГ‘Л‘С [3] ИЛ.
[4] Т‘Д АЛ ЛИ НАС.
[4/а] ИТУ ИЛ ИТ S.
[5] Т‘ШТ Н‘Ш
[6] СО З‘Т Т‘ШЕ Н‘Ш.
[7] У Р‘Д Т ИТ З‘Т АЈОН.

Транскрибиран на современ македонски јазик:

1.И ГОЛТА ДЕНОТ ЛУНАРУ.

2.СЕ ОГЛАСИЛ 3.ИЛ. 4.ТОЈ ДАЛ ДА ЛИЕ НА НАС. 4/А. ИТА ИЛ, БРЗА ЦРВЕН ГЛЕДАМ.

5.ТЕШТОТ НАШ 6.СО ЗЕТОТ ТОШЕ НАШ, 7.ВО РОД СО ТОЈ БРЗИОТ ЗЕТ АЈОН.

Според моето мислење, мегалитот е набљудувачница за одредување на годишните периоди. На мегалитот е испишана метафорична порака, која се однесува на намалување на ноќта, а зголемувањето на денот. Со зборовите:

„И ГОЛТА ДЕНОТ“, што значи, започнува новиот годишен циклус. Во тоа време, човекот кој ја опслужувал опсерваторијата се нарекувал ЛУНАР.[303] Тој се огласува за приближувањето на новата година со зборовите: „ИТА ИЛ, БРЗА ЦРВЕН ГЛЕДАМ“. Тоа значи дека по природната смрт на стариот Тешт, ставен на клада, качен на Сонцето за прочистување и умножување во вселенската спирала, на неговиот дух божји Македон, на ден XXI-ви се враќа назад, да ја оплоди претстојната година преку живиот Тешт Тоше и да го прогласи новиот владетел и божество на земјата БРЗИОТ (новиот) ЗЕТ АЈОН во Зета Мадонија[304], во рамките на Големата Зета Македониа.

[303] Објаснување на стр. 82 во дешифрираниот текст: „Столот на божја Кокина“-набљудувачница Кокино, Македониа, од 400.000 – 1.917 г.мак.е.пред.п.христ. и во делот : “II.6. Месечина – Луна”, стр. 30.
[304] Името на територијата е прочитано на мамутовиот заб на следната страна. „С‘БРНО“ Зета Мадонија Павлов, денешна територија Чешка пред 31.000 – 27.000 г. македонска ера стр. 192.




Сл. 240 Шематски приказ за одредување на годишните периоди.

Обелискот е дел од светилиштето за одржување на ритуални обреди, и се наоѓа во средината на кружно наредени камења, кои ги симболизираат месеците во една година. Мегалитот во склоп на камењата, формира опсерваторија слична на Стоун Хенџ во Англија. Претпоставка е дека зетот Ајон владеел со огромна територија - сè до Атланскиот океан. Коинциденција или не, неговото име се среќава во пештерата Ariege, Франција, обработено на страницата бр. 218. Мегалитот од Холич е сведоштво за еден историски период на македонската и светската култура и големите цивилизациски дострели во Европа и тоа во времето кога била актуелна изградбата на мегалитски ѕидови, пирамиди, опсерватории. Тој е сведок за македонската култура и култот на Богот Сонце ИЛИ, божјата МА, Господарите - Владетели Македонци, Космосот и животот по смртта во рајот, култот кон плодноста, пролетта, летото или Мубера, есента – Жантика и зимата или Џоломари.

Оваа илустрација претставува шематски приказ на мерен инструмент – календар-опсерваторија со реперни точки за положбата на оската на земјата и изгрејсонцето. Љубовта помеѓу Сонцето и земјата, преносот на енергијата помеѓу две божества, Богот Сонце ИЛЕ во вселената и Господарите - Владетели Македонци на земјата, преку триаголниците и пирамидата. Степените на наклонот на замислената линија е приближен поради големата временска дистанца од пред 32.000 год. – 6.000 г.мак.ера.п.п.хр. Мегалитот претставува: ос, оса, оска, ракета, сказалка, вселенска капсула, сончев зрак, машкиот принцип на Богот Сонце ИЛИ - ИЛЕ во насока на движење кон божјата земја МА, како дух божји Македон.

## 70. „С‘БРНО“

Зета Мадонија - Македониа, Павлов, (денешна Чешка) пред 29.000 – 25.000 г.мак.е.п.п.христ.

Материјални сведоштва за распространетоста на Македонската цивилизација се среќава и на територијата на: Моравија, Јужна Полска и Северна Австрија, каде што се пронајдени артефакти со утврдена датираност од пред 29.000 – 25.000 г.м.е.п.п.х. [305] Првите ископувања на овие територии се случиле на крајот од 19 век, откривајќи ги скелетите на обожествените Македонци. Во шеесеттите години на дваесеттиот век, поточно во 1962 година,[306] се пронајдени големи населби на ловци од камениот период на локалитетите: Премошти на Прерова, Долна Вештонице и Павлов, каде се пронајдени мамутови коски со гребнатини, кои укажуваат дека апстрактното мислење е присутно во тој период,[307] но и покрај тој факт, жителите се наречени само ловци на мамути.




Сл. 241 Карта на Чешка.

[305] http://www.anthropark.wz.cz/pavlov.htm, пристапено на 05.05.2015.

[306] http://oldgeogr.muni.cz/ucebnice/kartografie/obsah.php?show=51&&jazyk=cz, пристапено на 05.05.2015.

[307] http://oldgeogr.muni.cz/ucebnice/dejiny/obsah.php?show=39, пристапено на 05.05.2015.